Трговско друштво за трговија и услуги
СПРИНТ СОЛУШНС ДООЕЛ
Бр. 0307/2
10.01 2019
Скопје

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-47/1
10.01 2019 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на стоки**
**по Оглас 20/2018**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија - Скопје, ул. Водњанска бр.17, Скопје - Р.Македонија застапуван од Директор Д-р. Иван Барбов од една страна, и

2.. **Спринт Солушнс дооел Скопје**, адреса **Ул.Благоја Паровиќ 70/1-3** со ЕМБС **6756018** застапуван(о) од Управител: **Лиридон Хоџа**, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II.ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичко лице.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се **стоки за набавка на**
**ТОНЕРИ ЗА ПЕЧАТАРИ**
По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и пприфатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

**ЗА ДЕЛ-5- XEROX PHASER**
Вкупната цена на стоките изнесува 14.600.00 денари без ДДВ, ДДВ е 2.628.00 денари, вкупна цена со ДДВ е 17.228.00 денари.
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.
**Вкупна вредност на договорот за Дел-5 со ДДВ: 17.228.00**

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од една година. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка,по требувања од клиниката, да го има на лагер постојано

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 7**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;